| Програма<br>Потпрограма<br>Кат.<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | Буџет | | Дотации | | Самофинан.актив. | | Донации | | Кредити | | Вкупно | | Останува за реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | 800.000 | 547.621 | 410.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.210.000 | 547.621 | 662.379 |
| 421310 | Пошта | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000 | 0 | 15.000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 0 | 180.000 | 23.107 | 525.000 | 68.091 | 0 | 0 | 0 | 0 | 705.000 | 91.198 | 613.802 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 0 | 12.000 | 499 | 32.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44.000 | 499 | 43.501 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | 100.000 | 50.000 | 275.000 | 57.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 375.000 | 107.000 | 268.000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 0 | 0 | 73.000 | 3.801 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 163.000 | 3.801 | 159.199 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 150.000 | 75.000 | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210.000 | 75.000 | 135.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 2.107.000 | 195.014 | 26.610.000 | 3.598.269 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 29.017.000 | 3.793.283 | 25.223.717 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 222.000 | 7.841 | 710.000 | 132.012 | 0 | 0 | 0 | 0 | 932.000 | 139.853 | 792.147 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 0 | 70.000 | 14.381 | 290.000 | 38.302 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360.000 | 52.683 | 307.317 |
| 423190 | Други административни материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423210 | Материјали за АОП | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 200.000 | 52.970 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 52.970 | 447.030 |
| 423320 | Обувки | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 0 | 400.000 |
| 423330 | Постелнина | 0 | 0 | 160.000 | 10.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.000 | 10.000 | 300.000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.160.000 | 2.766.797 | 290.000 | 0 | 0 | 0 | 22.450.000 | 2.766.797 | 19.683.203 |
| 423530 | Стоматолошки материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 20.000 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 240.000 | 2.298 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 2.298 | 297.702 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 0 | 155.000 | 0 | 1.140.000 | 264.330 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.295.000 | 264.330 | 1.030.670 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 0 | 0 | 180.000 | 80.093 | 410.000 | 49.467 | 0 | 0 | 0 | 0 | 590.000 | 129.560 | 460.440 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 0 | 350.000 | 63.524 | 350.000 | 47.579 | 0 | 0 | 0 | 0 | 700.000 | 111.103 | 588.897 |
| 423830 | Резервни делови | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.000 | 0 | 90.000 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 320.000 | 19.175 | 750.000 | 244.514 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.070.000 | 263.689 | 806.311 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1.000.000 | 0 | 3.445.000 | 218.992 | 2.860.000 | 250.617 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.305.000 | 469.609 | 6.835.391 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми) | 0 | 0 | 200.000 | 18.925 | 220.000 | 33.940 | 0 | 0 | 0 | 0 | 420.000 | 52.865 | 367.135 |
| 424210 | Одржување на згради | 1.000.000 | 0 | 1.700.000 | 98.050 | 1.720.000 | 96.090 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.420.000 | 194.140 | 4.225.860 |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 0 | 0 | 750.000 | 50.445 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 | 50.445 | 699.555 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 0 | 195.000 | 5.522 | 120.000 | 3.900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 315.000 | 9.422 | 305.578 |

18

| Програма / Потпрограма / Кат. / Ставка / Потставка — О П И С | Буџет План | Буџет Реализација | Дотации План | Дотации Реализација | Самофинан.актив. План | Самофинан.актив. Реализација | Донации План | Донации Реализација | Кредити План | Кредити Реализација | Вкупно План | Вкупно Реализација | Останува за реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 424410 Поправки и одржување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 31.506 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 31.506 | 18.494 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 0 | 220.000 | 12.978 | 120.000 | 30.854 | 0 | 0 | 0 | 0 | 340.000 | 43.832 | 296.168 |
| 424430 Поправки и одржување на машини | 0 | 0 | 300.000 | 15.635 | 520.000 | 36.214 | 0 | 0 | 0 | 0 | 820.000 | 51.849 | 768.151 |
| 424440 Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 0 | 80.000 | 16.087 | 110.000 | 18.113 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 34.200 | 155.800 |
| 424510 Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 0 | 0 | 1.350 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.350 | -1.350 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 4.782.000 | 664.364 | 742.000 | 90.854 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.524.000 | 755.218 | 4.768.782 |
| 425250 Осигурување на недвижности и права | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 60.000 |
| 425260 Осигурување на моторни возила | 0 | 0 | 30.000 | 9.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 9.000 | 21.000 |
| 425290 Други финансиски услуги | 0 | 0 | 0 | 4.493 | 4.000 | 2.010 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000 | 6.503 | -2.503 |
| 425420 Примарна здравствена заштита | 0 | 0 | 322.000 | 0 | 210.000 | 22.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 532.000 | 22.000 | 510.000 |
| 425790 Други образовни услуги | 0 | 0 | 1.200.000 | 0 | 340.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.540.000 | 0 | 1.540.000 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 3.200.000 | 650.871 | 158.000 | 66.844 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.358.000 | 717.715 | 2.640.285 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 266.000 | 17.346 | 411.000 | 104.055 | 0 | 0 | 0 | 0 | 677.000 | 121.401 | 555.599 |
| 426210 Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 Семинари и конференции | 0 | 0 | 55.000 | 1.200 | 80.000 | 22.302 | 0 | 0 | 0 | 0 | 135.000 | 23.502 | 111.498 |
| 426410 Објавување на огласи | 0 | 0 | 51.000 | 9.008 | 41.000 | 58.502 | 0 | 0 | 0 | 0 | 92.000 | 67.510 | 24.490 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 0 | 160.000 | 7.138 | 290.000 | 23.251 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 | 30.389 | 419.611 |
| 427 Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463140 Трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани деца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463190 Останати трансфери до невладини организации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10.000** | **0** | **10.000** |
| 471 Социјални надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 |
| 471110 Социјална парична помош | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 10.000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **730.000** | **33.956** | **2.138.000** | **30.331** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.868.000** | **64.287** | **2.803.713** |
| 480 Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 530.000 | 33.956 | 1.750.000 | 30.331 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.280.000 | 64.287 | 2.215.713 |
| 480110 Купување на канцелариска опрема | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 540.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 590.000 | 0 | 590.000 |

19

| Програма / Потпрограма / Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет | | Дотации | | Самофинан.актив. | | Донации | | Кредити | | Вкупно | | Останува за реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 260.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360.000 | 0 | 360.000 |
| 480150 | Купување на кујнска опрема | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650.000 | 0 | 650.000 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 230.000 | 0 | 230.000 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 150.000 | 33.956 | 300.000 | 30.331 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 | 64.287 | 385.713 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 388.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 588.000 | 0 | 588.000 |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 388.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 488.000 | 0 | 488.000 |
| 483190 | Купување на друг мебел | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 100.000 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 486110 | Купување на моторни возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **VA0** | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 | 0 | 17.000.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **17.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **17.000.000** | **0** | **17.000.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482 | Други градежни објекти | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 | 0 | 17.000.000 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 | 0 | 8.000.000 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 | 0 | 8.000.000 |

20

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Општинската изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на локалните избори одржани во 2013 година**

1. Се објавува Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Општинската изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на локалните избори одржани во 2013 година, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/3**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/02), а во врска со член 7, 12 и 13 од Правилникот за надоместокот на членовите на општинските изборни комисии, Изборната комисија на град Скопје и избирачките одбори за спроведување на локалните избори 2013 година за избор на членовите на советите на општините и Советот на градот Скопје и за избор на градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје број 02-1642/1 од 29.04.2013 година, донесен од Државната изборна комисија, Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на локалните избори одржани во 2013 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува висината на надоместокот за извршена работа во подготовка и спроведување на локалните избори 2013 година на членовите на Општинската изборна комисија - Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош, согласно Правилникот за надоместокот на членовите на општинските изборни комисии, Изборната комисија на град Скопје и избирачките одбори за спроведување на локалните избори 2013 година за избор на членовите на советите на општините и советот на Градот Скопје и за избор на градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје (во натамошниот текст: Правилникот).

**Член 2**

На членовите на Општинската изборна комисија - Карпош, која во своја надлежност има 62 избирачки одбор, согласно член 7 и член 12 од Правилникот се определува следниот надоместок:

– На претседателот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 40.000 денари;
– На заменикот претседател на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 35.000 денари;
– На секретарот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 35.000 денари;
– На членот на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок во висина од 30.000 денари;
– На заменик членот и на заменик секретарот на на Општинската изборна комисија - Карпош му се определува надоместок од 50% од надоместокот утврден за членот односно серетарот.

**Член 3**

На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици избирачките одбори, согласно член 13 од Правилникот се определува следниот надоместок:

- На претседателот на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 3.000 денари;
- На заменикот претседател на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 2.500 денари;
- На членот на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 2.000 денари;
- На заменикот член на избирачкиот одбор му се определува надоместок во висина од 1.700 денари.

**Член 4**

Надоместокот од членот 3 од оваа Одлука, се пресметува, посебно за секој круг спроведено гласање

**Член 5**

Надоместокот за Општинската изборна комисија - Карпош за целиот изборен процес изнесува 102.310,00 денари.
Надоместокот за избирачките одбори за првиот и вториот круг на гласање изнесува 3.297.850,00 денари.

**Член 6**

Надоместокот од членот 5 од оваа Одлука, е обезбеден во Буџетот на Општина Карпош за 2013 година.
Средствата за исплата на надоместокот на членовите Општинската изборна комисија - Карпош и членовите на избирачките одбори, Општина Карпош ги трансферира на трезорстката сметка на Општинската изборна комисија - Карпош која располага и врши исплата на надоместокот.

**Член 7**

Општинската изборна комисија - Карпош за спроведениот изборен процес согласно членот 17 од Правилникот до Општина Карпош доставува деловен и финансиски извештај.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Бр.07-3726/6**
**31.05.2013 година**
**С к о п ј е**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлуката за утврдување надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за членови на Совет на Општина Карпош и Градоначалник на Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за утврдување надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за членови на Совет на Општина Карпош и Градоначалник на Општина Карпош, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/4**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 86 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13 и 34/13), Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на надоместокот на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за членови на Совет на Општина Карпош и Градоначалник на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува износот на надоместокот на трошоците за избори на организаторите на изборна кампања од чии листи на кандидати се избрани членови на Советот на Општина Карпош и Градоначалник на Општина Карпош и надоместокот на трошоците за избори на организаторите на изборна кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на совет, односно кандидат за градоначалник ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на локалните избори одржани во 2013 година.

**Член 2**

На организаторите на изборна кампања од членот 1 на оваа одлука учесници на локалните избори одржани во 2013 година, им се утврдува надоместок на трошоците за избори во висина од 15 денари по добиен глас и тоа:

1. СРПСКА НАПРЕДНА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА ............419.295,00 ден

2. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ,
   - Нова Социјалдемократска партија – НСДП,
   - Либерално Демократска Партија – ЛДП,
   - ВМРО Народна Партија – ВМРО – НП,
   - Политичка Партија Достоинство – ППД,
   - Обединети за Македонија – ОМ,
   - Партија за движење на Турците во Македонија – ПДТ,
   - Партија за целосна еманципација на Ромите – ПЦЕР,
   - Нова Алтернатива – НА,
   - Демократски сојуз на Власите во Македонија ДСВМ,
   - Партија на Слободни Демократи – ПСД,
   - Санџачка лига – СЛ,

- Партија за европска иднина - ПЕИ и
- Движење на национално единство на Турците во Македонија - ДНЕТ
.................................................................................................. 316.665, 00ден.

3.ВМРО-ДПМНЕ и други – ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско Национално Единство),

- Социјалистичка Партија на Македонија,
- Демократска Партија на Србите во Македонија,
- Сојуз на Ромите од Македонија,
- Партија на Правдата,
- Странка на Демократска Акција на Македонија,
- Партија на Власите од Македонија,
- Партија за Интеграција на Ромите,
- Работничко земјоделска партија на Република Македонија,
- Трајно Македонско Радикално Обединување,
- Нова Либерална Партија,
- Партија на Обединети Демократи на Македонија,
- Татковинска Македонска Организација за Радикална Обнова - Вардар - Егеј - Пирин,
- Македонска Алијанса,
- Демократска Партија на Турците на Македонија,
- ВМРО-ДП (ВМРО - Демократска партија),
- Демократски Сојуз,
- Обединети Демократски Сили на Ромите,
- Демократска Бошњачка партија......................................194.040,00ден.

4. Демократска обнова на Македонија - ДОМ............................ 15.465,00ден.

**Член 3**

Надоместокот на трошоците за избори на организаторите на изборна кампања од чии листи на кандидати се избрани членови на Советот на Општина Карпош и Градоначалник на Општина Карпош и надоместокот на трошоците за избори на организаторите на изборна кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на совет, односно кандидат за градоначалник на локалните избори одржани во 2013 година е утврден согласно конечно објавените резултати од Државната изборна комисија на Република Македонија.

Надоместокот од членот 2 на оваа одлука, поединечно за секој организатор на изборна кампања е искажан во следниот табеларен преглед.

| Политичка партија | Освоени гласови за Градоначалник | Освоени гласови за Советници | Вкупно освоени гласови | Надоместок на трошоци | Вкупен надоместок |
|---|---|---|---|---|---|
| СНСМ | 19.764 | 8.189 | 27.953 | 15 | 419.295 |
| СДСМ | 8.780 | 12.331 | 21.111 | 15 | 316.665 |
| ВМРО-ДПМНЕ | | 12.936 | 12.936 | 15 | 194.040 |
| ДОМ | | 1.031 | 1.031 | 15 | 15.465 |
| Вкупно | | | | | 945.465 |

**Член 4**

Надоместоците утврдени во членовите 3 на оваа Одлука ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Карпош на жиро сметките на организаторите на изборна кампања кои во законски утврдениот рок до Општина Карпош поднеле финасиски извештај за изборната кампања на локалните избори одржани во 2013 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Бр.07-3726/7**
**04.06.2013 год.**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Г.П.1.14 од ДУП за дел од М.З.Тафталиџе 1, Тафталиџе 30 УБ1 (Гимназија Георѓи Димитров КП 2773), КО Карпош, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Г.П.1.14 од ДУП за дел од М.З.Тафталиџе 1, Тафталиџе 30 УБ1 (Гимназија Георѓи Димитров КП 2773), КО Карпош, Општина Карпош – Скопје, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/5**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Советот на Општина Карпош, на Третата седница одржана на 31 Мај 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Детален урбанистички план за Г.П 1.14 од ДУП за дел од М.З Тафталиџе 1, Тафталиџе 30 УБ1 (Гимназија Георѓи Димитров КП 2773), КО Карпош, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план Г.П 1.14 од ДУП за дел од М.З Тафталиџе 1, Тафталиџе 30 УБ1 (Гимназија Георѓи Димитров КП 2773), Општина Карпош – Скопје.
Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

- на запад улица“Прашка“
- на север: улица„Иван Милутиновиќ“
- на исток: се граничи со КП 2692
- на југ: сервисна улица и КП 2767 , КП2768, КП 2770 и КП2772

Површината на урбаниот опфат изнесува 1,6 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: образование и наука.
Намените предвидени во овој Детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2012 година.
Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- В - Јавни институци
- В1 - Образование и наука

Максималната висина на венец на градбите изнесува Нмах.=10.20 м. , односно П+2.

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела (м2)
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2),
- процент на изграденост (%),
- максимална развиена површина на објект(м2),
- коефициент на искористеност (К),
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот ( до завршниот венец ) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- текстуален дел,
- графички прилози,
- основни праметри за уредување на просторот и
- табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-3726/8**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.З.Долно Нерези, Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.З.Долно Нерези, Општина Карпош – Скопје, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/6**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Советот на Општината Карпош, на Третата седница одржана на 31 Мај 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.З. Долно Нерези , Општина Карпош – Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план У.З. Долно Нерези , Општина Карпош – Скопје

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници: осовина на бул. Партизански Одреди, осовина на ул. Димитар Митрев, граница на наменска зона образование, осовина на ул. Демир Трајко, осовина на ул. Ванчо Мицков, осовина на бул. Митрополит Теодосиј Гологанов, граница на уредено корито на река Вардар

Површината на урбаниот опфат изнесува 10.85 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување, јавни институции, зеленило, спорт, рекреација, меморијални простори и инфраструктура.

Намените предвидени во овој Детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2012 година.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1- домување во стамбени куќи
- А2- домување во стамбени згради
- В1- образование и наука
- В4- државни институции- органи на локална самоуправа
- Д2- заштитно зеленило
- Е2- комунална супраструктура – Трафостаница Запад
- Е1- комунална инфраструктура

Максималната висина за градежните парцели наменети за индивидуално домување изнесува П+2+ПК со кота на венец 10.20м и П+1+ПК со кота на венец 8,80м, максимална висина за градежните парцели наменети за колективно домување изнесува П+7+ПК, П+4+ПК (16.20м)

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела (м2)
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2),
- процент на изграденост (%),
- максимална развиена површина на објект(м2),
- коефициент на искористеност (К),
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот ( до завршниот венец ) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- текстуален дел,
- графички прилози,
- основни праметри за уредување на просторот и
- табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на Општина Карпош.

**Број 07-3726/9**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од „Карпош 2“ - резиденцијални објекти, Општина Карпош – Скопје

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од „Карпош 2“ - резиденцијални објекти, Општина Карпош – Скопје„ донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/7**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Советот на Општина Карпош, на Третата седница одржана на 31 Мај 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од „Карпош 2“ резиденцијални објекти , Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план **„Карпош 2“ резиденцијални објекти , Општина Карпош - Скопје**

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

- на север : осовина на бул. Илинден
- на исток : по осовината на ул. Никола Тесла
- на југ: по осовината на ул. Орце Николов
- на запад: по осовина на бул. 8-ми Септември

Површината на урбаниот опфат изнесува 7.0 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување, јавни институции, зеленило, спорт, рекреација, меморијални простори и инфраструктура.
Намените предвидени во овој Детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2012 година.
Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1- домување во стамбени куќи
- А2- домување во стамбени згради
- Б4- деловни дејности
- Е2- комунална супраструктура

Максималната висина за градежните парцели наменети за колективно домување изнесува П+4+ПК (16.50м) и П+6+ПК (22.50м)

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела (м2)
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2),
- процент на изграденост (%),
- максимална развиена површина на објект(м2),
- коефициент на искористеност (К),
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот ( до завршниот венец ) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- текстуален дел,
- графички прилози,
- основни праметри за уредување на просторот и
- табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на Општина Карпош.

**Број 07-3726/10**
**04.06.2013 год.**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко- планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-3979/8
04.06.2013 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Третата седница, одржана на 31.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко - планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.35-1517 од 16.06.2011 година од страна на лицето Илија Василевски, а кое се однесува на објект на КП 1729, КО Бардовци, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите од член 2, став 1, алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од став 1 на овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко - планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.07-3726/11
04.06.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко планска документација

1. Се објавува Одлуката за невклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко планска документација, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/9**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Третата седница, одржана на 31.05.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко - планска документација

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.35-3090 од 01.08.2011 година од страна на лицето Петре Стефановски, а кое се однесува на објект на КП 4473 КО Карпош Советот на Општина Карпош констатира дека неможе да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите од член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко планска документација (“Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Бр.07-3726/12**
**04.06.2013. година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко- планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/10**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Третата седница, одржана на 31.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко - планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.35-3597 од 10.08.2011 година од страна на лицето Драги Ристовски, а кое се однесува на објект на КП 6153 КО Карпош Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите од член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко планска документација (“Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од став 1 на овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко - планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Бр.07-3726/13
04.06.2013 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко- планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/11**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Третата седница, одржана на 31.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко - планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.35-3888 од 12.08.2011 година од страна на Исламска верска заедница на РМ, а кое се однесува на објект на КП 990/2 КО Карпош Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите од член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко планска документација (“Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од став 1 на овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко - планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Бр. 07-3726/14**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2013 година на Општина Карпош, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/12**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) Советот на Општина Карпош, на Третата седница одржана на 31 мај 2013 година, донесе

# Програма
## за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2013 година

I. Во Програмата за дејноста спорт за 2013 година ( “Службен гласник на Општина Карпош” бр. 15/2012 ), во глава II Спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош, по точка 10 се додава нова точка 10-а, која гласи:

**“10-а. СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ СО ПОСТИГНАТИ ОСОБЕНИ РЕЗУЛТАТИ**

Општина Карпош материјално - финансиски ќе го поддржат Одбојкарскиот клуб “Вардар” (м) - актуелен освојувач на државното првенство и македонскиот куп и Кошаркарскиот клуб “ Карпош ” Соколи 2000 - за влез во најквалитетната прва лига –мажи”.

II. Во глава III. Преглед на спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош по точка 10 се додава нова точка 10-а со следната содржина:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10-а. СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ СО ПОСТИГНАТИ ОСОБЕНИ РЕЗУЛТАТИ** | Јуни - Јули, 2013 | ОПШТИНА КАРПОШ | Афирмација, популаризација, промовирање и потпомагање на спортски клубови со постигнати особени резултати од Општина Карпош | Сектор за дејности од јавен интерес Одделение за спорт и култура<br><br>*ОК Вардар 1.500.000,00 денари*<br><br>*КК Карпош Соколи 2.500.000,00 денари*<br><br>*Вкупно 4.000.000,00 денари* |

III. Во глава VI. Финансирање, во став 1 износот “23.800.000,00 денари” се заменува со износот “28.000.000,00 денари”.

IV. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во” Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-3726/15**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“ – Општина Карпош, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/13**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 17 од Законот за концесии и јавно-приватно партенрство („Службен весник на Република Македонија бр.6/12), Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

## О Д Л У К А

за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош

### Член 1

Се усвојува Физибилити студијата за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“- Општина Карпош.

### Член 2

Се започнува постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: ЈПП) преку изградба на два современи монтажни од отворен и затворен тип тениски терени и помошни монтажни објекти на површина од максимум 3000 м2 (25x50, 25X50 и 25x20) во дворот на ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош, КП бр. 7992, КО- Ѓорче Петров 4 - Влае, сопственост на Општина Карпош. Општината Карпош има потреба од изградба на два тениски терени и помошни простории за обезбедување на квалитетни услови на учениците за играње на тенис во рамките на училишните активности и вонучилишните /дополнителни/ спортски активности. Од друга страна, заради неможноста на училиштето за вложување на финансиски средства во капитални инвестиции, но и поради специфичноста во одржување на ваков тип објекти и нивно оперирање, како и воспоставување на тениска школа, истото не е во можност да планира изградба на современ спортски објект.

### Член 3

Цели кои треба да се остварат со ЈПП се:

-обезбедување на квалитетни услови на учениците и граѓаните на општината за водење на здрав спортски живот кој ќе обезбеди квалитетен психофизички развој

на младата популација, -подигање на квалитетот на живеење на граѓаните, преку изградба на два современи монтажни од отворен и затворен тип на тениски терени и помошни монтажни објекти на површина од максимум 3000 м2 (25x50, 25x50 и 25x20) во дворот на ООУ Димо Хаџи Димов.

-учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на граѓаните,

-создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот,
-афирмација на Општина Карпош како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа и
- афирмација на Општина Карпош во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

Член 4

Предмет на Договорот за ЈПП е:
-дизајнирање /изведбен проект/ на тениските терени и помошните објекти,
-изградба и финансирање,
-управување, воспоставување на тениска школа и вработување на стручен кадар и
-одржување на целокупната спортска инфраструктура која е изградена на земја, а која ќе биде предадена во исправна состојба во сопственост на Општина Карпош по истекот на оперативниот период на договорот за ЈПП.

**Член 5**

Финансирањето на проектот е во целосна обврска (товар) и ризик на приватниот партнер, а највисок процент во бодувањето при изборот на приватниот партнер ќе биде критериумот за месечниот надоместок кој треба да го плака приватниот партнер, а кој не може да биде помал од 200.000,00 денари годишно, сметано по петтата година од воспоставувањето на ЈПП.

**Член 6**

Проценетата инвестицона вредност на ЈПП изнесува 6.000.000 денари без ДДВ, при што оперативниот период на договорот на ЈПП се утврдува во времетраење од 20 години

**Член 7**

Договорот за ЈПП ќе се додели преку јавен повик кој што ќе се организира испроведе како отворен повик согласно одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: Законот), во рок 180 дена од денот на стапување во сила на оваа одлука.

**Член 8**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош, да ја спроведе постапката за доделување на договор за ЈПП, да формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на Договор за ЈПП согласно член 20 од Законот и по донесувањето на Одлуката за избор на најповолен понудувач од страна на Советот на Општина Карпош да го склучи договорот за ЈПП со избраниот најповолен понудувач.

**Член 9**

Комисијата од член 8 на оваа одлука е должна да постапува согласно одредбите од Законот и во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука да изготви тендерска документација. По одобрувањето на тендерската документација од страна на Градоначалникот на Општина Карпош, Комисијата од член 8 на оваа одлука е должна јавниот повик за доставување на понуди за доделување на договор за ЈПП да го објави во “Службен гласник на Општина Карпош“,“Службен весник на РМ“ и во домашно јавно гласило .

**Член 10**

Висината на надоместокот за издавање на тендерска документација ќе изнесува 100 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата на средствата.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“,

**Број 07-3726/16**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект: спортско игралиште – двоен тениски терен**

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект: спортско игралиште – двоен тениски терен, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/14**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање надоместок за уредување градежно земјиште за изградба на објект: Спортско игралиште - двоен тениски терен**

**Член 1**

Се ослободува од обврската за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект: Спортско игралиште – двоен тениски терен во износ од 1.325.191,00 денари, односно за делот од 40% од надоместокот што и припаѓа на Општина Карпош, инвеститорот - Друштвото за изградба, управување и издавање повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ - Скопје.

**Член 2**

Инвеститорот од член 1 на оваа одлука се обврзува изградбата на линиски инфраструктурни објекти (водоводна мрежа, фекална-канализациона мрежа, атмосферска канализациона мрежа, топлификациона мрежа, нисконапонска електрична мрежа и друга останата инфрастукрура) да ја изведе со сопствени средства и веднаш потоа истата да ја предаде на стопанисување на јавните комунални претпријатија и овластени субјекти.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош “.

**Број 07-3726/17** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**04.06.2013 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**С к о п ј е** **Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на средства за изработка на основни изведбени проекти за секундарна и терцијална гасна мрежа со МРТ станици за потрошувачите на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на средства за изработка на основни изведбени проекти за секундарна и терцијална гасна мрежа со МТР станици за потрошувачите на територијата на Општина Карпош, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/15**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за изработка на основни изведбени проекти за секундарна и терцијална гасна мрежа со МРТ станици за потрошувачите на територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

За потребите на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“ – Скопје, согласно прописите за енергетика се одобруваат средства во износ од 1.300.000,00 денари за изработка на основни изведбени проекти за секундарна и терцијална гасна мрежа со МРТ станици за потрошувачите на територијата на Општина Карпош.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, Програма ФА уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) ставка 482 – Други градежни објекти и потставка 482910 подготовка на Проекти вклучувајќи дизајн на други објекти.

**Член 3**

Постапката за изработка на основните изведбени проекти од член 1 на оваа одлука ќе ја спроведе Комисијата за Јавни набавки на Општина Карпош согласно приписите за јавни набавки.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-3726/18**
**04.06.2013 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за доделување на парични средства - награди на 10 ученици, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2012/2013 година**

1. Се објавува Одлуката за доделување на парични средства – награди на 10 ученици, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2012/2013 година, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/16**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.05/02), а во врска со Глава II. Проекти за реализација, Точка 7. Полуматурска забава од Програмата за образование за 2013 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 15/2012), Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на парични средства - награди на 10 ученици, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2012/2013 година**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува доделување на парични средства - награди во износ од по 12.000,00 денари на десет ученици од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош кои се прогласени за првенци на генерација во своите училишта во учебната 2012/2013 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година.

Член 3

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 07-3726/19** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**04.06.2013 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**С к о п ј е** **Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на средства за функционирање на женската транзитна куќа при Организацијата на жените на Град Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на средства за функционирање на женската транзитна куќа при Организацијата на жените на Град Скопје, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/17**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за функционирање на женската транзитна куќа при Организацијата на жените на Град Скопје**

**Член 1**

Со одобрува барањето на финансиска поддршка за функционирање на женската транзитна куќа (ШЕЛТЕР) бр.09-3730/1 од 28.05.2013 година, доставено од Организацијата на жените на Град Скопје.

**Член 2**

За реализирање на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 144.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013, Програма ЕО - Општинска администрација, ставка 464 - разни трансфери, потставка 464990 - други трансфери.

**Член 4**

За реализацијата на одобрените средства Организацијата на жените на Град Скопје е должна до Советот на Општина Карпош да достави извештај.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-3726/20**
**04.06.2013 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување средства за организирање на турнир во мал фудбал „Влајко Куп“**

1. Се објавува Одлуката за одобрување средства за организирање на турнир во мал фудбал „Влајко Куп“, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/18**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за организирање на турнир во мал фудбал**
**„Влајко Куп“**

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиска помош за организирање на турнир во мал фудбал „Влајко Куп“ , бр.09-3184/1 од 07.05.2013година, доставено од Здружението на граѓани за социјализација, афирмација, едукација и превенција на младите во општествениот живот „ВЛАЈКО ПРОАКТИВНИ ГРАЃАНИ“ -Скопје

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари

**Член 3**

Средствата од член2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, ЛО – Спорт и рекреација, ставка 463 – трансфер до невладини организации, подставка 463120 – трансфер до спортски клубови

**Член 4**

За реализацијата на одобрените средства Здружението на граѓани за социјализација, афирмација, едукација и превенција на младите во општествениот живот „ВЛАЈКО ПРОАКТИВНИ ГРАЃАНИТЕ“ е должно до Советот на Општина Карпош да достави извештај

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-3726/21**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за финансиска помош за реконструкција на опожарена куќа (кровна консрукција и кат)**

1. Се објавува Одлуката за финанскиска помош за реконструкција на опожарена куќа (кровна конструкција и кат), донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/19**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за финансиска помош за реконструкција на опожарена куќа (кровна консрукција и кат)**

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиска помош за реконструкција на опожарена куќа (кровна конструкција и кат) бр.09-535/1 од 17.01.2013година, доставено од Томислав Мисајловски.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, ЕО – Општинска администрација, ставка 471 – социјални надоместоци, подставка 471990 –друга социјална помош.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 07-3726/22**
**04.06.2013 год.**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за финансиска помош за лекување во странство

1. Се објавува Одлуката за финансиска помош за лекување во странство, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/20**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за финансиска помош за лекување во странство

**Член 1**

Се усвојува барањето за финансиска помош за лекување во странство ( Фјодороф – Русија) бр.09-1092/1 од 05.02.2013година, доставено од Даниела Марковиќ од Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 120.000,00 денари

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, ЕО – Општинска администрација, ставка 471 – социјални надоместоци, потставка 471990 –друга социјална помош.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-3726/23**
**04.06.2013 год.**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за формирање на Организационен одбор за одржување на манифестацијата „Културно лето-Карпош 2013“

1. Се објавува Одлуката за формирање на Организационен одбор за одржување на манифестацијата „Културно лето-Карпош 2013“, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/21**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош Третата седница, одржана на 31 мај 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Организационен одбор за одржување на манифестацијата „Културно лето-Карпош 2013“**

**Член 1**

Заради успешно и целосно организирање и реализирање на манифестацијата „Културно лето – Карпош 2013“, согласно со Програмата за дејноста култура за 2013 година, се формира Организационен одбор на манифестацијата.

**Член 2**

Организациониот одбро од член 1 од оваа одлука се состои од Претседател и членови и тоа:

Претседател на Организациониот одбор:

- Стевчо Јакимовски – Градоначалник на Општина Карпош

Членови на Организациониот одбор:

- Горан Михајлов – Член на Советот на Општина Карпош,
- Даница Мартиновска - Член на Советот на Општина Карпош,
- Благоја Неделковски - Член на Советот на Општина Карпош и
- Владо Поповски – Секретар на Општина Карпош.

**Член 3**

По објавувањето на јавен конкурс за изработка и реализација на програма за манифестацијата „Културно лето – Карпош 2013“ од страна на Градоначалникот, Организациониот одбор има задача да одбере реализатор на програмата за манифестацијата, како и да се грижи за реализирање на сите предвидени активности во понудената програма.

**Член 4**

Се задолжува Организациониот одбор за одржување на манифестацијата „Културно лето – Карпош 2013“, по завршувањето на манифестацијата, до Советот на Општина Карпош да достави извештај за реализираните програмски активности.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-3726/24**
**04.06.2013 год.**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за давање на согласност за закуп на репрезентативен деловен простор на територијата на Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за закуп на репрезентативен деловен простор на територијата на Општина Карпош, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/22**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), Советот на Општина Карпош, на Третата седница одржана на 31 мај 2013 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање на согласност за закуп на репрезентативен деловен простор на територијата на Општина Карпош

### Член 1
Со оваа одлука се дава согласност за отварање на репрезентативен информативен центар на територијата на Општина Карпош по пат на закуп на деловен простор.

### Член 2
Деловниот простор предмет на закуп од член 1 од оваа одлука треба да биде лоциран помеѓу две магистрални улици на територијата општината, со површина на истиот објект помеѓу 200 м2 и 300 м2.

### Член 3
Деловниот простор предмет на закуп врз основа на оваа одлука, ќе се закупи за времетраење од една година.

### Член 4
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-3726/25**
**04.06.2013 год.**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локаната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Решение за формирање на привремена Комисија за разгледување на градежно-техничка документација поврзана со изградбата на стамбено-деловен објект У.Б. М1, Бл.1.2, на ул. „Прашка“ б.б. КП бр. 3230, КО - Карпош – Скопје на ГД „ Гранит“ АД – Скопје**

1. Се објавува Решението за формирање на привремена Комисија за разгледување на градежно-техничка документација поврзана со изградбата на стамбено-деловен објект У.Б. М1, на ул.„Прашка“ б.б. КП бр.3230, КО-Карпош – Скопје на ГД „Гранит“ АД - Скопје, донесена на Третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 31.05.2013 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3979/23**
**04.06.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 32, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 39, став 3 од Статутот на Општина Карпош ( „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006 ), Советот на Општина Карпош на Третата седница, одржана на 31.05.2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на привремена Комисија за разгледување на градежно-техничка документација поврзана со изградбата на стамбено-деловен објект У.Б. М1, Бл.1.2, на ул. „Прашка“ б.б. КП бр. 3230, КО - Карпош – Скопје на ГД „ Гранит“ АД – Скопје**

1. Заради разгледување и констатирање на фактичката состојба поврзана со издадената градежно – техничка документација за изградба на стамбено-деловен објект У.Б. М1, Бл.1.2, на ул. „Прашка“ б.б. КП бр. 3230, КО - Карпош - Скопје на ГД „ Гранит“ АД – Скопје, а за што е заведен судски спор, се формира привремена Комисија во следниот состав:
   - Роберт Живадиновиќ – Претседател,
   - Панче Стојановски – член и
   - Гоце Гавриловски – член.

2. Комисијата од точка 1 на ова решение е должна да ја разгледа целосната градежно - техничка документација издадена на ГД „ Гранит“ АД-Скопје за изградба на стамбено-деловен објект У.Б. М1, Бл.1.2, на ул. „Прашка“ б.б. КП бр. 3230, КО Карпош - Скопје и во рок од 30 (триесет) денови од денот на влегувањето во сила на ова решение до Градоначалникот и Советот на Општина Карпош да достават извештај со предлог-мерки за разрешување на проблемот за кој е поведен судски спор.

3. Решението влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-3726/26
04.06.2013 год
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

## Т Е Х Н И Ч К А   И С П Р А В К А

При нумерирањето на „Службен гласник на Општина Карпош“ од 12.04.2013 година и 02.05.2013 година е направена техничка грешка.

Поради тоа, на насловната страница на „Службен гласник на Општина Карпош“ од 12.04.2013 година наместо број 5 треба да стои број 4, а на насловната страница на „Службен гласник на Општина Карпош“ од 02.05.2013 година наместо број 6 треба да стои број 5.

Од издавачот,

## С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2013 година, со Решение за објава,
2. Одлука за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот за Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за I квартал 2013 година (од 01.01.2013 до 31.03.2013 година), со Решение за објава,
3. Одлука за утврдување надоместок на членовите на Општинската изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на Општина Карпош за извршената работа во подготовката и спроведувањето на локалните избори одржани во 2013 година, со Решение за објава,
4. Одлука за утврдување на надоместок за трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за членови на Совет на Општина карпош и Градоначалник на Општина Карпош, со решение за објава,
5. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Г.П.1.14 од ДУП за дел од М.З.Тафталиџе 1, Тафталиџе 30 УБ1 (Гимназија Ѓорѓи Димитров КП 2773), КО Карпош, Општина Карпош – Скопје, со Решение за објава,
6. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.З.Долно Нерези, Општина Карпош – Скопје, со Решение за објава,
7. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од „Карпош 2“ – резиденцијални објекти, Општина Карпош – Скопје, со Решение за објава,
8. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, со Решение за објава,
9. Одлука за утврдување на невклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација, со Решение за објава,
10. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, со Решение за објава,
11. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, со Решение за објава,
12. Програма за изменување и дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2013 година, со Решение за објава,
13. Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и одржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош, со Решение за објава,

14. Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект: спортско игралиште – двоен тениски терен, со Решение за објава,
15. Одлука за одобрување на средства за изработка на основни изведбени проекти за секундарна и терцијална гасна мрежа со МРТ станици за потрошувачите на територијата на Општина Карпош, со Решение за објава,
16. Одлука за доделување на парични средства – награди на 10 ученици, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2012/2013 година, со Решение за објава,
17. Одлука за одобрување на средства за функционирање на женската транзитна куќа при Организацијата на жените на Град Скопје, со Решение за објава,
18. Одлука за одобрување средства за организирање на турнир во мал фудбал „Влајко Куп“, со Решение за објава,
19. Одлука за финансиска помош за реконструкција на опожарена куќа (кровна конструкција и кат), со Решение за објава,
20. Одлука за финансиска помош за лекување во странство, со Решение за објава,
21. Одлука за формирање на Организационен одбор за одржување на манифестацијата „Културно лето-Карпош 2013“, со Решение за објава,
22. Одлука за давање на согласност за закуп на репрезентативен деловен простор на територијата на Општина Карпош, со Решение за објава и
23. Решение за формирање на привремена Комисија за разгледување на градежно-техничка документација поврзана со изградбата на станбено-деловен објект У.Б. М1, Бл1.2, на ул.„Прашка“б.б. КП бр.3230, КО – Карпош – Скопје на ГД „Гранит“ АД – Скопје, со Решение за објава.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: бул.Партизански одреди бр.68, тел.3065-925
Тираж: 25 примероци